# *Резиме на Конвенцијата за правата на детето*

**Член 1**

- Секој на возраст под 18 години ги има правата пропишани со оваа конвенција.

**Член 2**

- Конвенцијата важи за сите без оглед на нивната раса, вероисповест, способности; без оглед на тоа како мислат и што зборуваат и без оглед на тоа од какво семејство доаѓаат.

**Член 3**

- Сите организации кои ги засегаат децата треба да се стремат да дејствуваат во најдобар интерес на секое дете.

**Член 4**

- Владите треба да им ги овозможат овие права на децата.

**Член 5**

- Владите треба да ги почитуваат правата и одговорностите на семејствата за насочување и водење на своите деца така што во текот на нивниот раст, децата учат соодветно да ги користат нивните права.

**Член 6**

- Сите деца имаат право на живот. Владите треба да се погрижат за тоа децата да живеат и да се развиваат на здрав начин.

**Член 7**

- Сите деца имаат право на легално заведено име и националност. Исто така, имаат и право да ги знаат своите родители и, во онаа мера во која тоа е можно, нив да ги воспитуваат нивните родители.

**Член 8**

- Владите треба да ги почитуваат правата на децата во однос на нивното име, националност и семејни врски.

**Член 9**

- Децата не треба да се разделуваат од нивните родители освен ако тоа не е за нивно добро. На пример, ако родител лошо се однесува или го запоставува детето. Децата, чии што родители се разведени, имаат право да останат во контакт и со двата родители, освен ако тоа не е на штета на детето.

**Член 10**

- На семејства кои живеат во различни земји треба да им се дозволи да се движат меѓу тие земји со цел родителите и децата да останат во контакт, или пак да се соединат како семејство.

**Член 11**

- Владите треба да преземат мерки со кои ќе се спречи нелегалното изнесување на децата од нивната земја.

**Член 12**

- Децата имаат право да кажат што мислат. Кога возрасните носат одлуки кои ги засегаат,  децата имаат право нивните мислења да се земаат предвид.

**Член 13**

- Децата имаат право да добијат и споделат информации, доколку информациите не им наштетуваат ним или на други.

**Член 14**

- Децата имаат право да мислат и да веруваат во што сакаат, и да ја практикуваат својата вероисповест, доколку со тоа не спречуваат други луѓе да ги уживаат своите права. Родителите треба да им даваат насоки на своите деца по овие прашања.

**Член 15**

- Децата имаат право да се среќаваат и пристапуваат кон групи и организации доколку ова не спречува други луѓе да ги уживаат своите права.

**Член 16**

- Децата имаат право на приватност. Законот треба да ги заштити од напади на нивниот начин на живот, нивното име, нивните семејства и нивните домови.

**Член 17**

- Децата имаат право на веродостојни информации од масовните медиуми. Телевизијата, радиото и весниците треба да даваат информации кои децата ќе ѓи разберат и не треба да промовираат материјали кои би можеле да им наштетат на децата.

**Член 18**

- И двата родители ја делат одговорноста за воспитувањето на своите деца и секогаш треба да го прават она што е најдобро за децата. Владите треба да им помагаат на родителите со тоа што ќе овозможуваат услуги за да ги подржат, посебно ако и двата родители се вработени.

**Член 19**

- Владите треба да се погрижат децата да бидат добро згрижени и заштитени од насилство, злоупотреба и запоставување од страна на нивните родители или било кој друг што се грижи за нив.

**Член 20**

- Децата кои не можат да бидат соодветно згрижени од страна на своите родители, мора да бидат згрижени од страна на луѓе кои ќе ја почитуваат нивната вероисповест, култура и јазик.

**Член 21**

- Кога децата се посвојуваат, приоритет мора да биде тоа што е во најдобар интерес за нив. Истите правила треба да важат и за деца посвоени во истата земја во која што се родиле, како и за деца кои што се однесени да живеат во друга земја.

**Член 22**

- Децата кои во една земја доаѓаат како бегалци, треба да ги имаат истите права како и децата родени во таа земја.

**Член 23**

- На децата со било каков вид на пречки во развојот треба да им се пружи посебна грижа и подршка за да можат да водат независен живот.

**Член 24**

- Децата имаат право на квалитетна здравствена заштита, здрава храна и чиста животна средина. Богатите земји треба да им помогнат на посиромашните од нив да ги постигнат овие услови.

**Член 25**

- Статусот на децата кои се згрижени од страна на локалните власти, а не од страна на нивните родители треба редовно да се проверува.

**Член 26**

- Владата треба да обезбеди дополнителни средства за децата од семејства кои живеат во сиромаштија.

**Член 27**

- Децата имаат право на стандард на живот кој е доволен за да ги задоволи нивните физички и ментални потреби. Владата треба да им помогне на семејствата кои не можат ова да си го овозможат.

**Член 28**

- Децата имаат право на образование. Дисциплината во училиштата треба да го почитува човечкото достоинство на децата. Основното образование треба да биде бесплатно. Богатите земји треба да им помогнат на посиромашните од нив ова да го постигнат.

**Член 29**

- Образованието треба целосно да го развие карактерот и талентите на детето. Тоа треба да ги поттикнува децата да ги почитуваат своите родители, својата култура како и другите култури.

**Член 30**

- Децата имаат право да учат и да го користат јазикот и обичаите на нивните семејства без разлика дали тие се признаени од страна на мнозинството луѓе или не.

**Член 31**

- Сите деца имаат право да се забавуваат и играат и да се вклучат во широк обем активности.

**Член 32**

- Владата треба да ги заштити децата од работа која е опасна или која може да им наштети на нивното здравје или на нивното образование.

**Член 33**

- Владата треба да изнајде начин да ги заштити децата од опасни droги.

**Член 34**

- Владата треба да ги заштити децата од сексуална злоупотреба.

**Член 35**

- Владата треба да се погрижи за тоа децата да не бидат киднапирани или продавани.

**Член 36**

- Децата треба да бидат заштитени од било кои активности кои можат да им наштетат во нивниот развој.

**Член 37**

- Со децата кои го прекршуваат законот не треба да се постапува на сурово. Тие не треба да се ставаат во затвор заедно со возрасни и треба да им се овозможи да одржуваат контакт со своите семејства.

**Член 38**

- Владите не треба да дозволуваат деца помлади од 15 години да одат во војска. Децата во воени зони треба да добијат посебна заштита.

**Член 39**

- Децата кои се запоставувани или злоупотребувани треба да добијат посебна помош за да си го вратат чувството на самопочит.

**Член 40**

- Децата кои се обвинети дека го прекршиле законот треба да добијат правна помош. Затворски казни за деца треба да се користат само за најтешките престапи.

**Член 41**

- Ако законите на одредена земја го штитат детето повеќе отколку што тоа го прават членовите на Конвенцијата, тогаш треба да се почитуваат тие закони..

**Член 42**

- Владата треба да ги запознае сите родители и деца со содржината на оваа конвенција.

---

Конвенцијата за правата на детето има вкупно 54 членови. Членовите 43-54 се однесуваат на тоа како возрасните и владите треба да соработуваат за да се погрижат сите деца да ги остварат своите права.

Конвенција е договор помеѓу земји со кој тие се обврзуваат да го почитуваат истиот закон. Кога владата на една земја ќе ја ратификува конвенцијата, тоа значи дека се согласува да ги почитува правата предвидени со неа.